# СКЛУЧУВАЊЕ НА БРАК НАДВОР ОД СЛУЖБЕНИТЕ ПРОСТОРИИ НА УВМК

Согласно измените на Законот за семејство во член 26, каде е регулирано склучувањето на бракот, Управата за водење на матичните книги овозможува склучување на брак и надвор од службените простории на Управата.

За покренување на постапката потребно е да се пополни **БАРАЊЕ** во Управтата за водење на матичните книги.

За склучување на брак надвор од службените простории на УВМК се плаќа надомест регулиран со Правилник.

Во прилог е и жиро сметка на која се уплаќа надоместокот, кој согласно критериумите во Правилникот ќе биде одреден и е составен дел на одобрението за склчување на брак надвор од службените простории на УВМК.

| Сметка за уплата за надоместокот |
|---|
| **Назив и седиште на примач**: Трезорска сметка<br>**Банка на примач**: Народна банка на РМ<br>**Трансакциска сметка**: 100000000063095<br>**Износ** xxxx,00 денари<br>**Сметка на буџетски корисник**: 070036136063110<br>**Приходна шифраи програма**: 724149 20<br>**Цел на дознака**: Матичар на терен, матично подрчје__________ |

**Дополнителни информации за поднесување на барање за склучување на брак надвор од службените простори**

**1**.Се пополнува барање за склучување брак надвор од службени прострии (можете да го симнете барањето или во централата на Управата за водење на матичните книги), во барањето секогаш наведувајте телефонски број на кој ќе бидете достапни кога ќе ве бараат од Управата.

**2.**Пополнетото барање се поднесува во архивата на Управата за водење на матичните книги за да биде заверено.

**3**.Примерок од пополнетото барање со архивски број добива странката.

**4**.За 2 - 3 работни дена ќе бидете известени за матичното подрачје што ќе ви биде определено.

**5**.Од како ќе бидете информирани за определеното матично подрачје, брачните другари заедно со изводи од матичната книга на родените и важечки документи за иденјтификација потребно е да направите записник за склучување брак во матичното подрачје кое ќе ви биде определено и да приложите уплата на износ од 100 денари – административна такса и 50 денари за образецот на изводот од матична книга на венчаните кој ќе ви биде даден на денот на свадбата.

**6**.Најкасно 15 дена пред одржувањето на свадбата потребно во централата на Управата за водење на матичните книги да доставите оригинал уплатница за извршената уплата на изводот кој ви бил одреден за излегувањето на матичарот надвор од службените простории.

ДО

МИНИСТЕРСТВО ЗА ПРАВДА

УПРАВА ЗА ВОДЕЊЕ НА МАТИЧНИ КНИГИ

СКОПЈЕ

БАРАЊЕ ЗА СКЛУЧУВАЊЕ НА БРАК НАДВОР ОД СЛУЖБЕНИ ПРОСТОРИИ

НА УВМК-СКОПЈЕ

Ние_____________________________________________________________адреса_______________

и ЕМБГ_________________________ и ЕМБГ___________________________ бараме да склучиме брак надвор од службените простории на Управата за водење на матичните книги. Бракот ќе се склучи на _________________во ________час, во____________________________________, во______________________________.

Контакт телефон на барателот:_________________________________.

Сите трошоци по однос на склучувањето на брак надвор од службени простории на Управата за водење на матичните книги ќе ги сноси подносителот на ова барање.

Подносители на барање: Дата:

1. __________________________

2. __________________________